Здружение МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ ЗА ГОЛЕМИ БРАНИ - ЗМКГБ Скопје
тел. 02 3116-066, лок. 135, лок. 136, факс. 02 3118-834, http://www.macold.org.mk
Адреса: Градежен факултет - Универзитет Св. Кирил и Методиј,
бул. Партизански одреди, 24, 1000 Скопје, РС Македонија
Жиро сметка: 300000001888141, Трансакциска сметка за донации 300000004369692
ЕДБ/МК: 4030002505887, Комерцијална банка АД-Скопје

# ЗАПИСНИК
# од 3. седница на претседателството на ЗМКГБ, одржана на 2.9.2022 година

(верзија 2)

Скопје, септември 2022 година

## ЗАПИСНИК

од **3.** седница на претседателството на ЗМКГБ,
одржана на 2.9.2022 година

На Седницата, одржана во виртуелна просторија на Градежниот факултет во Скопје со почеток во 14:00 часот, присуствуваа членовите на претседателството (9/11):

1. Љупчо Петковски, претседател на ЗМКГБ,
2. Стевчо Митовски, потпретседател на ЗМКГБ,
3. Драги Дојчиновски,
4. Лидија Зафировска
5. Драган Димитриевски,
6. Илија Кондински,
7. Ибраими Шпресим,
8. Игор Пешевски,
9. Игор Николоски,

Од надзорниот одбор (0/3) на ЗМКГБ немаше присутни.

Отсутни на седницата:

1. Славко Милевски, ген. секретар на ЗМКГБ,
2. Ѓорѓи Чакаровски, член на претседателство на ЗМКГБ
3. Здравко Јаковлевски, претседател на надзорен одбор
4. Даниел Цеков, член на надзорен одбор
5. Орце Мангаровски, член на надзорен одбор

На Седницата, беа поканети и членови на Редакцискиот и Организациониот одбор за идните манифестации на здружението за брани. Од поканетите, присуствуваше Фросина Пановска, тех. секретар на ЗМКГБ.

Седницата преку платформата ZOOM ја отвори претседателот на ЗМКГБ, Љупчо Петковски. На почетокот на Седницата беше усвоен следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записникот од **2.** седница на Претседателството, одржана на 29.3.2022 година;
2. Разгледување на Барање на независно стручно мислење од ЗМКГБ за Проект за рекултивација на депонијата од јаловишен руднички камен од површинскиот коп на рудникот Боров Дол, Радовиш;
3. Информација и следни активности за претстојната Втора конференција за хидројаловишта, што ќе се одржи во Штип, на 7-8 октомври 2022 година;
4. Разно.

За секоја од наведените точки од Дневниот ред се разви дискусија со следниве

**ЗАКЛУЧОЦИ**

**Точка 1. Записник од претходната седница**
Записникот од 2. Седница на Претседателството, финалната верзија, е доставен до сите членови на Претседателството на ЗМКГБ, и во однос на текстот на истиот не се констатирани забелешки, по што едногласно се усвои.

**Точка 2. Барање на стручно мислење од Боров Дол, Радовиш**
Љ. Петковски го образложи Барањето на независно стручно мислење од ЗМКГБ за Проект за рекултивација на депонијата од јаловишен руднички камен од површинскиот коп на рудникот Боров Дол, Радовиш, со арх.бр.0302-2958/1 од 10.8.2022 година.

Битно е што во тек биле геолошки теренски истражувања со кои биле потврдени нови рудни наоѓалишта и најверојатно ќе треба да се модифицира геометријата на надворешната контура на одлагалиштето. За таа цел ќе треба да се изработи Анекс на постојниот Рударски проект од 2018 година, при што основата на одлагалиштето (во утврдениот концесиски простор) ќе остане непроменета.

Затоа, цениме дека, Проект за рекултивација на депонијата треба да се изработи откако ќе биде позната надворешна контура на депонијата, односно после изработката (и усвојувањето) на Анексот на постојниот Рударски проект од 2018 година, со кој ќе се определи таа контура. Имено со наведениот Анекс, за одредено зголемување на волуменот на одложениот материјал, можеби ќе се усвои пострмен наклон на косини и/или ќе се намалат широчините на бермите. Обликот на евентуалната нова геометрија ќе треба да биде докажан со нови анализи за статичка и динамичка стабилност на насипната конструкција, со материјални параметри усвоени со соодветни геотехнички и геомеханички испитувања на одложениот материјал.

Реализацијата на рекултивацијата на депонијата од јаловишен руднички камен може да започне После изработката (и усвојувањето) на Проектот за рекултивација на депонијата. Бидејќи геометријата на депонијата ќе биде со приближно конусна форма составена од 5 етажи, рекултивацијата може да започне после изведбата на првата етажа. Штом ќе биде оформена косината на првата етажа, за да се заштити насипот од површинска ерозија и околината од аерозагадување, на таа косина може да се изведе рекултивацијата. Со напредувањето на депонијата, всушност може да се рекултивира секоја надворешна површина, каде е достигната завршната геометрија и каде рекултивацијата нема да биде оштетена од тешката механизација која се користи за одлагање на нови количини на отпаден материјал (на пример, за дел од бермите).

После дискусијата по оваа тема, Стручното мислење од ЗМКГБ беше едногласно усвоено.

**Точка 3. Следни активности за претстојната Втора конференција за хидројаловишта**
Претстојната манифестација во организација на ЗМКГБ е втората конференција за хидројаловишта, што ќе се одржи во октомври 2022 година, во Штип. Првото соопштение беше испратено до членството на 31.3.2022.

Заклучно со 31.8.2022 (рокот за достава на рефератите) се доставени 7 резимеа и 4 реферати, а во најава се уште 2-3 реферати. За еднодневната конференција, за

да имаме барем две работни сесии со по 5 реферати, предлагам да се пролонгира рокот за доставување на рефератите до 15.9 2022 година.

Празникот 11ти Октомври е во Вторник, и постои можност да се поврзи со Понеделник, при што ќе се добие продолжен викенд од 7/8 се до 11 октомври. Тоа може да го намали бројот на потенцијални учесници на конференцијата предвидена за 7/8 октомври. Воедно, сите реферати се од домашни автори и не се најавени учесници од странство, па евентуално поместување нема никому да му го пореметы планот. Иако, во досегашното делување на ЗМКГБ никогаш не било предадено поместување на манифестација, предлагам за оваа конференција, одржувањето да биде поместено за една седмица, односно од 7/8 октомври да се помести на 14/15 октомври.

За агендата во деновите Петок и Сабота е следниот предлог

Петок
09:30÷10:30, Регистрација на учесниците
10:30÷11:00, Свечено отворање
11:00÷11:30, Коктел
11:30÷13:00, Работна сесија бр. 1
13:00÷15:00, Ручек
15:00÷16:30, Работна сесија бр. 2
16:30÷17:00, Затворање на конференцијата

Сабота
10:00, Посета на јаловишни брани Саса 3-2 и Саса 4,
14:00, Ручек во М. Каменица

Конечното соопштение Конечно соопштение со програма на Конференцијата ќе биде составено и испратено до членството на 15.9.2022 (предвидениот рок со првото соопштение).

Следни активности се:

1. Направена е резервација во хотел Оаза, но треба да се обезбедат Понуди од хотелите Оаза и Изгрев (во Штип) за конференциска сала, за коктел и ручек за околу 40 учесници
2. да се обезбеди Потврда од рудник Саса за стручната посета на јаловишните брани Саса 3-2 и Саса 4 во Сабота (неработен ден)
3. да се направи постер за конференцијата и да се отпечати во 7 примероци
4. да се обезбеди лектура на реферати и припрема на Зборник, во 50 примероци
5. да се припремат материјали за 40 учесници

После дискусијата по оваа тема, промените за датумите на Конференцијата (рок за доставување на реферати и термин на одржување на конференцијата) беа едногласно усвоени.

**Точка 4. Разно**

Немаше дискусии.

* * *

На крајот Љ. Петковски им се заблагодари на присутните за активното учество, им посака добро здравје, по што ја затвори седницата.

Седницата заврши во 15:00 часот.

Записничар,
Фросина Пановска

Скопје,
2.9.2022 година

Претседател на ЗМКГБ,
Проф. д-р Љупчо Петковски

**Дополнување за точка 3.**

На 6.9.2022 е добиена информација за 13-то меѓународно советување од областа на подземната и површинската експлоатација на минерални суровини, што треба да се одржи на 14-16 октомври во Охрид.

Имајќи предвид дека ова советување е од областа на рударството и геологијата, односно за дејности кои се застапени и во претстојната 2-ра конференција за хидројаловишта во Штип, цениме дека поместувањето (усвоено на 3. седница на претседателството на ЗМКГБ) за 14-15 октомври е несоодветно. Затоа, 2. конференција за хидројаловишта ќе биде поместена за 21-22 октомври во Штип, односно за две седмици споредено со првобитниот план.

Ова е првпат ЗМКГБ, кое успешно организирало голем број настани во изминатиот период, да се соочи со ваков проблем и потврда дека манифестациите треба да се одржуваат во предвидените термини, зашто секое поместување создава дополнителни потешкотии.

.

Скопје,
6.9.2022 година

Претседател на ЗМКГБ,
Проф. д-р Љупчо Петковски

Ljupcho Petkovski

Digitally signed by Ljupcho Petkovski
DN: cn=Ljupcho Petkovski, o=Faculty of Civil Engineering in Skopje, ou=Chair of Hydraulic Structures, email=petkovski@gf.ukim.edu.mk, c=MK
Date: 2022.09.06 11:07:33 +02'00'